# ПОВИК ЗА МЕНТОРИ

Во рамките на проектот:
„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик МЕНТОРИ кои ќе одржуваат менторски средби со средношколци Роми за адаптација на новата училишна средина, премин во следната учебна година или запишување во високо образование или за вработување во период од Ноември - Декември 2025 година (два месеци), преку индивидуален работен план подготвен од страна на менторот и ученикот/менторираниот.

**Опис на активноста менторство**

Менторството претставува можност за учениците Роми да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор кој ќе им помогне за адаптација на новата училишна средина, премин во следната учебна година или запишување во високо образование. Временската рамка за реализирање на менторските средби е од Ноември - Декември 2025 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“ е предвидено менторирање на 10 ученици Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (ментори).

**Цели на менторството**

- Да им помогне на средношколците Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да им помогне на средношколците Роми да се запишат на универзитетот и да им помогне во административно-техничкиот процес кога се запишуваат на факултет или да аплицираат за работа
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел менторираните да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на менторираните да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат учениците во текот на своето образование;
- Да ги поттикне менторираните да ги развијат своите вештини и капацитети за надминување на образовните предизвици и понатамошно продложување со нивното образование, односно запишување на прв циклус на студии;

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union

- Да креира култура која го гледа менторството како ефикасен начин за развој на поединецот и можност за негово лично, академско и професионално остварување.
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, менторираните ученици да ги искористат активностите на проектот за градење на капацитети, вештини и знаења за настап на пазарот на труд.

Секој ментор може да предложи ученик/ци Роми на кој може да им биде ментор и да ја пополнат заедно пријавата подоле.

**Работни задачи и надоместок на ментори**

- Да подготви индивидуален работен план во соработка/согласност со менторираниот ученик и истиот да го достави до проектниот тим најдоцна 3 дена по започнувањето на ангажманот;
- Да ја следи динамиката на реализација на работниот план, да одржува контакти со менторираниот и да воспостави взаемен однос базиран на доверба и почит;
- Да одржува менторски средби двапати неделно по 45 минути/или еднаш по 90 минути во период од Ноември - Декември 2025 година (два месеци);
- Да му помогне на менторираниот да ги идентификува своите јаки страни и да го насочи да ги надмине своите слабите страни;
- Да го следи личниот и академскиот развој на менторираниот и да го советува како да се справи со настанатите предизвици;
- Да го мотивира и охрабрува менторираниот да го надоградува своето знаење и да ги зајакнува своите вештини;
- Да дава фидбек на личниот, академскиот и професионалниот развој на менторираниот;
- Да подготвува неделни извештаи за реализираните менторски средби;
- Навремено да ги доставува потребните документи/извештаи до организацијата;
- Да одржува средби со проектен тим;
- Да применува иновативни и креативни техники за реализирање на индивидуалниот работен план;
- Да го запознае менторираниот со мерките за вработување на АВРМ, трендовите на вработување;
- Да го потсетува менторираниот за составување и праќање на извештај за одржаните менторски средби.

**Кандидати за ментори може да бидат:**

- Соодветно образование;
- Предност искуство со маргинализирани ученици
- Добри комуникациски вештини со ученици и маргинализирани родители
- Разбирање на бариерите за образование и вработување со кои се соочуваат Ромите.

**Како предност се смета:**

- Менторите кои биле вклучени во проектните активности во претходните проекти;
- Менторите кои веќе имаат предлог средношколец/ка за менторирање.

**Потребни Документи за пријавување за ментор**

За пријавување за ментор треба да се достават следните документи:
- кратка биографија и
- диплома за завршени соодветно образование.

**Потребни Документи и начин за пријавување за учество во активноста менторство**

Потребните документи да бидат испратени најдоцна до 31 Октомври 2025 на меил адресата kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или директно во канцелариите на Ромаверзитас

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Funded by the European Union

# ПРИЈАВА ЗА МЕНТОРСТВО

Име и презиме: ___________________________________________________

Возраст: ______________________________

Општина на живеење: ______________________________

Училиште: ___________________________________________________

Година на образование: ______________________________

Имам потреба од менторство за (стави X):

- ☐ Премин во наредна учебна година
- ☐ Премин во високо образование (запишување на факултет)
- ☐ Помош и насочување при вработување

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union